АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Постамент врз кој што се уредува целокупното работење на АПРЗ е нејзината основна функција - **давање на стручна помош** на земјоделските стопанства со цел **зголемување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство** со оптимално искористување на расположивите ресурси.

**Советодавните услуги** се дизајнираат и обезбедуваат преку:

- практична примена на научните и техничките сознанија насочени според потребите на пазарот;
- јакнење и соработка на земјоделските здруженија;
- поддршка во спроведувањето на владините програми и мерки наменети за индивидуалниот земјоделски сектор;
- воспоставување и примена на информативни системи во функција на подобрување на следливоста на земјоделските активности и размена на информации со чинителите во агрокомплексот.

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во своето работење се залага кон следниве **основни начела и принципи:**

- **Подобрување на состојбата во земјоделскиот сектор**, правејќи го конкурентен, што директно влијае на **подобрување на севкупниот економски развој** на државата.
- **Перманентното надоградување и обука** на човековите капацитети и системските процеси во АПРЗ
- **Постојано подобрување на воспоставениот Систем за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардот ИСО 9001:2008;**

## ВИЗИЈА

Да бидеме високопочитуван и препознатлив советодавен центар меѓу земјоделците во функција на примена на најсовремените научни и технички сознанија насочени кон современо, продуктиво и конкурентно земјоделско производство.

## МИСИЈА

Креирање и испораката на широк спектар на квалитетни, навремени, искористливи и применливи совети, целосно прифатени и практицирани од страна на земјоделските стопанства, кои ќе овозможат да се постигне одржливо конкуретно земјоделско производство и рамномерен рурален развој, со силно развиена сензибилност и адаптабилност на барањата на пазарот.

Политиката за квалитет е достапна на јавноста и претставува обврска за сите вработени.

Дата:
07.09.2012

Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
БИТОЛА
1

Директор:

Јордан Кузмановски